РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3166/4
10-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата , постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот ------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 40-та седница одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на која е оформен предметот со број 12-3166/1 од 09.09.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-3166/1 од 09.09.2020 година од причини што пријавеното лице е разрешено од функцијата заменик Директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, а во однос на наводите за сомневање за сторени незаконски дејствија постапува друг надлежен орган, Основното јавно обвинителство, кој во рамките на своите законски надлежности презема конкретни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавениот случај.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3166/1 од 09.09.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за дејствија на злоупотреба на службената полжба и овластување со повеќе дејствија преземени од заменик Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Р.Северна Македонија, -----------.

На ден 20.10.2020 година до ДКСК беше доставено Известување со барање на податоци од Основното јавно обвинителство Скопје во кое се наведува дека и Обвинителството постапува по оформен предмет и презема натамошно дејствија по истиот и воедно беа побарани податоци во врска со постапувањето по овој предмет што се води во ДКСК.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во меѓувреме, од Кабинетот на Заменикот на Претседателот на Владата на Р.Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, ---------- доставнео е Известување дека на 17 тата седница на Владата на Р.Северна Македонија одржана на 03.11.2020 година е разрешен, односно е донесено Решение за разрешување од должности заменик на директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Р.Северна Македонија --------.

Имајќи го сето горе споменато, ДКСК констатира дека пријавеното лице е разрешено од функцијата заменик Директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, а во однос на наводите за сомневање за сторени незаконски дејствија постапува друг надлежен орган, Основното јавно обвинителство, кој во рамките на своите законски надлежности презема конкретни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавениот случај, по оттаму ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по оваа пријава и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: К.Н. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**